# СОВРЕМЕНОТО МАКЕДОНСКО СЛИКАРСТВО ВО ПРВИТЕ ПОВОЕНИ ГОДИНИ

# СОВРЕМЕНОТО МАКЕДОНСКО СЛИКАРСТВО ВО ПРВИТЕ ПОВОЕНИ ГОДИНИ

Овој кус предговорен текст за каталогов е направен врз основа на претходно конципирана изложба со одреден избор на автори и дела.

Станува збор за преглед на современото македонско сликарсттво во првите повоени години, период во кој се соединуваат неколку суштествени текови значајни за натамошниот развој на нашето општество и уметност.

Основните историски предуслови за тоа беа создадени со ослободувањето во 1945 година, кога, за прв пат по повеќегодишното ропство, македонскиот народ конституира своја држава и се здоби, рамноправно со другите југословенски народи и народности, со право за слободен развој и национална и културна еманципација. Македонија, за разлика од другите средини, го влечеше зад себе товарот на вековна материјална и духовна заостанатост и изолираност, додека воените разурнувања и севкупната исцрпеност и ја влошија и онака тешката состојба.

Луѓето во младата држава со голем жар и ентузијазам учествуваа во обновата и изградбата на земјата, поставувајќи ги темелите на македонскиот литературен јазик, школството и просветата, стопанството. Посебно треба да се издвои грижата преку основање разни установи да се забрза развојот на македонската култура, наука и уметност. Така, во Скопје, кое стана политички, стопански и културен центар на Републиката, беа основани неколку установи и здруженија, коишто се, се до денеска, од посебен интерес и значење за уметноста. Беа основани: Училиштето за применета уметност (1945), Друштвото на ликовните уметници на Македонија (1946), Уметничката галерија (1949), Друштвото на ликоввните уметници на применетата уметност на Македонија (1950). Инаку, почнувајќи од 1945 година, се одржуваат традиционалните годишни изложби на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, коишто беа место каде што најдобро можеше да се следи развојот на современата македонска уметност.

Новото социјалистичко општество, кое имаше свои барања и потреби, во првите повоени години, под влијание на Советскиот Сојуз ги презема догмаските идејно-естетски принципи на социјалистичкиот реализам, коишто вештачки наметнати немаа поголемо значење во нашите културни простори. Но, сепак, во периодот 1945 — 1950 година, што го претставува и оваа изложба, се почувствуваа рефлексите на доктринарниот соцреализам, што се согледа во изборот и обработката на темите. Уметноста се сообразуваше со општествените потреби, ставајќи се во функција на барањата на дневната политика. Кога се зборува за овој период во развојот на современата македонска уметност, којашто се сообразуваше со општојугословенската ситуација, неопходно е да се укаже на неколку специфичности.

Големиот ентузијазам со кој беа проткаени сите активности по ослободувањето, свежите сеќавања и докажувања на херојската борба против окупатуот придонесоа за спонтано реагирање на збидањата од стварноста. Се обработуваа теми или поблиското историско минато, интерпретирани со зголемена температура и потенцирање на хероизмот. Оттука, нормите на соцреализмот, во едно временско совпаѓање, одговорија на некои барања на моментот, но не за долго, што беше резултат на изменетите општествени услови во нашата земја. Покрај споменатите теми, во македонското сликарство во тоа време беа присутни и такви што обработуваа сцени од „народниот живот", пејзажи и мртви природи, како и такви со преземени обрасци од западноевропската уметност, па дури и експерименти во ателјеата на одделни уметници, што подоцна беа излагани. Македонската критика, согласно со дневната политика, ги критикуваше отстапувањата од нормите и секое присуство на западен „формализам" во делата што тогаш беа излагани, како и оние за традицијата и новото, посебно значајни за тоагшната млада македонска ликовна уметност.

Создавањето на новата национална култура и уметност поминуваше низ разни противречности во својот тесен развоен простор, што се согледува и во овој период на првите повоени години. Тогаш дејствуваа главно уметниците од предвоената основоположничка генерација, што се школуваа на академиите во земјата и во соседните балкански земји, како и некои што излегоа од училиштата веднаш по војната. Тие почнаа да создаваат во духот на предвоената социјална уметност во Југославија, како и под влијније на париската сликарска школа, не ретко достигнувајќитворечка синтеза и идентитет преку соединување на елементите на националното, традицијата и новото воуметноста. По извесниот застој за време на војната, тие продолжија да создаваат во тој дух и по војната,со незначителни отстапувања, но со извесни модификации и сообразувања со барањата на актуелниот мо-мент. Всушност, покрај поблиски примери на дела создадени под влијание на соцреализмот, се среќаваат, во поголем број, такви во кои не е толку изразена разликата меѓу стилската определба, изборот на темата и нејзината обработка.

Во современата македонска уметност се забележуваат до денеска, секако поретки, примери на соцреализам, кој инаку и суштински завршува во 1950 година, кога (уште по Реализацијата на Информбирото во 1948 година) се забележува се позасилен процес на демократизација и промени во сите сфери на општествениот живот кај нас.

Изложбава, составена главно со дела од збирката на Уметничката галерија во Скопје, го потврдува претходното напишаното во поглед на изборот на теми и нивната ликовно-естетска обработка. Основна стилска определба е реалистичкиот начин на обработка, што првин оди од социјален до социјалистички реализам, потоа со модификации што допираат до експресионизмот, импресионизмот, фовизмот па и симболизмот, во почести форми или измешани, во одделни дела.

М-р ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ



23



7



10



16


24


4


27


30

# КАТАЛОГ

Љубомир БЕЛОГАСКИ
Роден 1912 во Делчево. Завршил Уметничко Училиште на Наставничкиот и Академскиот оддел во Белград 1937 година. Живее и работи во Скопје: ул. Илинденска бр. 87

1. НА ОДМОР (Крагуевац), 1945
акварел на хартија, 34 x 27
2. БОКА КОТОРСКА, 1950
акварел на хартија, 54 x 75
3. СТАРО НЕГОРИЧАНИ, 1951
акварел на хартија, 43 x 64

Здравко БЛАЖИЌ
Роден 1917 во Стари Бечеј. Умрел 1979 во Белград. Училиште за византиска иконографија завршил во Раковица, и студирал на Академијата за ликовни уметности во Праг.

4. СТАРО ПРИСТАНИШТЕ — ОХРИД, 1946
масло на картон, 35 x 40
5. ПЕЈЗАЖ, 1953
масло на платно, 48 x 58

Томо ВЛАДИМИРСКИ
Роден 1904 во Скопје. Умрел 1971 во Скопје. Завршил Академски курс на Уметничкото училиште во Белград 1935 година

6. ПРЕНОС НА РАНЕТИ, 1945
масло на картон, 27 x 36
7. СТАРО И НОВО СКОПЈЕ, 1949
масло на платно, 62 x 49
8. ОД СТАРО СКОПЈЕ, 1953
масло на платно, 62 x 48

Катја ЕФТИМОВА
Родена 1910 во Пазарчик (НР Бугарија). Завршила Художествена академија во Софија 1932 год. Живее и работи во Скопје: ул. Р. Жинзифов бр. 52

9. ПОРТРЕТ НА ДЕВОЈЧЕ, 1947
масло на картон,
10. ТЕТОВО, 1950
масло на шпер плоча, 54 x 75

Ангеле ИВАНОВСКИ
Роден 1913 во Прилеп. Завршил шестомесечен курс на Уметничко училиште во Скопје 1945/46 г. Живее и работи во Скопје, ул. Његошева бр. 30

11. ЗАБАВЕН ПАРК ВО СКОПЈЕ, 1947
масло на платно, 49 x 63
12. СТАРО СКОПЈЕ, 1950
масло на платно, 74,5 x 98,5
13. МОТИВ ОД СКОПЈЕ, 1953
масло на платно, 50 x 70

Кирил КАРАЏА
Роден 1900 во Ново село (штипско). Умрел 1973 во Куманово. Завршил Академија за ликовни уметности во Загреб 1929 година

14. ПАЗАРЕН ДЕН, 1947
акварел на хартија, 23 x 33,5

Вангел КОЦОМАН
Роден 1905 во Струга. Завршил Академски курс на Уметничкото училиште во Белград 1930 год. Живее и работи во Скопје, ул. Раде Кончар бр. 5

15. ПРИСТАНИШТЕТО ВО ОХРИД, 1945
масло на платно, 75 x 100
16. АВТОПОРТРЕТ, 1948
масло на платно, 48 x 37,5
17. „11 ОКТОМВРИ“, 11951
масло на картон, 72 x 100

Борко ЛАЗЕСКИ
Роден 1917 во Прилеп. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград и Софија 1943 год. Живее и работи во Скопје, ул. Отон Жупанчиќ бр. 15

18. КОМПОЗИЦИЈА, 1947
темпера на хартија, 24 x 29
19. ЖЕНСКИ ПОРТРЕТ, 1947
темпера на хартија, 59 x 41
20. СТУДИЈА, 1948
темпера на хартија, 57,5 x 41,5

Лазар ЛИЧЕНОСКИ
Роден 1901 во Галичник. Умрел 1964 во Скопје. Завршил Академски курс на Уметничкото училиште во Белград 1927 година.

21. МАЈСТОР (СААТЧИЈА), 1946
масло на шпер плоча, 98 x 81
22. АВТОПОРТРЕТ, 1947
масло на платно, 39 x 31
23. АФИОНИ, 1950 (?)
масло на платно, 75 x 60

Никола МАРТИНОСКИ
Роден 1903 во Крушево. Умрел 1973 во Скопје. Завршил Академија за ликовни уметности во Букурешт 1927 година.

24. УЧЕНИКОТ ДИМЕ, 1945
масло на картон, 73 x 54
25. УДАРНИК, 1947
масло на платно, 72 x 57
26. РАМАДАН, 1952/53
темпера на картон, 99 x 69

Димитар ПАНДИЛОВ АВРАМОВСКИ
Роден 1898 во с. Тресонче (галичко). Трагично загинал 1963 во Скопје. Завршил Акедемија за ликовни уметности во Софија 1924 година.

27. БЕЖАНЦИ, 1945
масло на платно, 84 x 95
28. ХРИЗАНТЕМИ, 1952
масло на платно, 65 x 54,5
29. СОБИРАЊЕ НА СНОПОВИ, 1952
масло на платно, 55,5 x 65

Василие ПОПОВИЌ ЦИЦО
Роден 1914 во Скадар. Умрел 1962 во Скопје. Завршил Уметничко училиште во Белград 1938 год.

30. МОТИВ ОД СКОПЈЕ, 1947
акварел, 45 x 33
32. ПЕЈСАЖ ОД ПАРИЗ, 1955
акварел, 46 x 31

Димче ПРОТУЃЕР
Роден 1920 во Охрид. Завршил Уметничка академија во Софија Живее и работи во Скопје, ул. Емил Зола. бр. 9

33. ПРЕНОС НА МОШТИТЕ, 1945
гваш, 67 x 97
34. ГУМНО, 1949
масло на картон, 28 x 38
35. ПЕЈСАЖ, 1951
масло на картон, 28 x 42




13



2



18



33



14

ПОГОЛЕМИОТ ДЕЛ ОД ИЗЛОЖЕНИТЕ ДЕЛА СЕ
СОПСТВЕНОСТ НА УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА „СКОПЈЕ" — СКОПЈЕ

ИЗДАВАЧ: МАНУ и Уметничка галерија Скопје

ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Јордан Грабулоски и
Боро Митриќески

ПРЕДГОВОР: Мр. Владо Величковски

ОРГАНИЗАЦИЈА И КАТАЛОГ: Коста Мартиноски

ФОТОГРАФИИ: Марин Димес

Печатено во РО „Светлост“ — Скопје